Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ТД Макошпед АД**, за кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило (останато зеленило) односно намалување на висината на стеблата на 15 (шеснаесет) дрва (10 хамаципариси, 5 борови), како и кастрење на 6 (шест) дрва (3 прунуси, 2 ариша и бор) чии гранки од крошните на дрвата навлегуваат во воздушна линија во дворот на барателот, што се наоѓаат на **ул. "Ацо Караманов" бр.12 – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвата да го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**ТД Макошпед АД - Скопје, ул. "Македонија" бр.19 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/888** од **10.12.2024** година, за кастрење на дрва, односно намалување на висината на стеблата, како и кастрење на дрва, чии гранки од крошните на дрвата навлегуваат во воздушна линија во дворот на барателот, што се наоѓаат на **ул. "Ацо Караманов" бр.12 – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека, дрвата предмет на барањето се високи, со плитки корени и потребно е да се искастрат, односно да се намали висината на стеблата, додека за останатите шест дрва, потребно е да се изврши кастрење на гранките од крошните на дрвата кои навлегуваат во воздушна линија во дворот на барателот.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се

обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба при што треба да се искастри, односно да се намали висината на стеблата и да се искастрат гранките од дрвата кои навлегуваат во воздушна линија во дворот на барателот, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/888/2**
**27.12.2024** година
Скопје
**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

Пом. Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**